**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.05.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2422/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 мај 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој „*За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата*“; и

   - **Член 21 ставови 3 и 4 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кои одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос и да биде вработен со полно работно време во радиодифузерот.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека одговорниот уредник на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово е вработен во радиодифузерот во редовен работен однос и со полно работно време.

**Образложение:** На 08.04.2024 година, ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово по електронски пат ја извести Агенцијата за лицето коешто е одговорен уредник на програмскиот сервис, поради што Агенцијата побара од радиодифузерот да достави „Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2“ (издаден од Агенцијата за вработување на РС Македонија), од кој ќе може да се констатира дека лицето кое е назначено за одговорен уредник е во редовен работен однос и со полно работно време вработено во телевизијата. На 14.05.2024 година радиодифузерот го достави до Агенцијата бараниот документ, од кој е видно дека го исполнува овој услов.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***